**Република Северна Македонија**
**Општина Крушево**
**Бр.** 21-368/7
**Од** 02.10.2024г.

# СООПШТЕНИЕ

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 50 став (1) точка 4 и точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), донесената Годишна програма за изработка на урбанистички планови за 2020 година со бр. 44-10631/1 од 24.11.2020 година и за 2021 година со бр. 40-418/1 од 16.01.2021 година, донесени од Владата на Република Северна Македонија и Програмата за урбанистичко планирање на општина Крушево за 2020 година со бр. 08-1396/16 од 30.12.2019 година, за 2021 година со бр. 08-1322/11 од 29.12.2020 година, за 2022 година со бр. 08-1328/11 од 28.12.2021 година, за 2023 година со бр. 08-1407/10 од 27.12.2022 година и за 2024 година со бр. 08-64/8 од 18.01.2024 година, донесени од Советот на општина Крушево, Градоначалникот на општина Крушево организира повторна јавна презентација и јавна анкета за Детален урбанистички план за градска четврт 2, 3, 4, 5, 7, 8 и 10, општина Крушево.

Повторната Јавна анкета се организира во просториите на Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на општина Крушево, соба број 23, секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот, а ќе трае 10 работни денови, почнувајќи од 08.10.2024 година до 22.10.2024 година. Во исто време ќе се спроведува и во електронска форма преку информацискиот систем е – урбанизам.

Јавната презентација како стручно презентирање на планската документација се организира во рамките на јавната анкета и трае еден работен ден, а ќе се одржи на ден 09.10.2024 година, (среда) во 12:00 часот, во просториите на Горна училишна зграда (старо школо Никола Карев).

Планскиот опфат на Деталниот урбанистички план за Градска четврт 2, 3, 4, 5, 7, 8 и 10, Општина Крушево е оформен од 717 градежни парцели, од кои 2 се со намена Д4-Меморијални простори и Гробишта, 1 е со намена Д3-Спорт и рекреација-спортска сала, 1 е со намена В1-Образование и наука-гимназија, 18 се со намена Г2-Мало стопанство и Г3-Сервиси, 6 се со намена Б1-Мали комерцијални и деловни намени, 4 се со намена Б4-Канцелариски и деловни простори, 3 се со намена Б5-Хотелски комплекси, 3 се со намена Е2-Комунална супраструктура и останатите се со намена А1-Домување во станбени куќи и Д1-Парковско зеленило.

Описот на границата на урбаниот опфат по катастарски парцели започнува од регионалниот пат Р1306 Прилеп–Крушево и се движи во насока на стрелките на часовникот. Границата на опфатот го сече патот Прилеп–Крушево Р1306, односно влезот во Крушево, а потоа поминува низ парцелата 5654 кон југ, ја сече парцелата 5631 како и парцелите 5643, 5674, 5655, 5656 и 5659 се до југозападната граница на парцелата 5660 и продолжува по текот на патот Демир Хисар–Крушево Р1306 се до место викано Порта. Границата продолжува по јужната страна на улицата Коча Миленку се до Хотелот Илинден каде ја сече парцелата 6228 и продолжува по јужната страна на парцелата 6328, 6495 и 6946 се до Хотелот Монтана. Ја тангира јужната линија на парцелата 6504 и продолжува северозападно кај што ги сече парцелите 6228 и 6227, а потоа поминува по западната страна на парцелите 6226, 6224, 6207, 6205 и 6202 и ги сече парцелите

6204, 6206, 6183 и 6159 се до југозападната страна на парцелата 6158 каде што продолжува по истата, како и парцелите 6158, 6125, 6124 и 6123 се до југоисточната страна на парцелата 6120 каде што продолжува по парцелата 6122. Границата продолжува кон северозапад и ги сече парцелите 6475, 6476, 6477, 6466, 6463, 6450 и 6444 до парцелата 6430 каде што продолжува кон север по парцелите 6430, 6428 и 6427/2 каде што границата крши кон исток по северната страна на парцелата 6427/2 како и по парцелите 6427/3 и 6414/1. Границата на опфатот ја сече улицата Благо Целев, поминува низ парцелата 4623, покрај западната страна на парцелата 6399, југозападно низ парцелите 4623 и 4599 каде што продолжува на север низ парцелите 4582, 4580, 4581, 4576, 4575, 4555, 4552, 4526, 4527, 4524, 4623, 4461, 4454, 4457, 4454 и 4456, преку место викано Рамниште и парцелите 4489, 4484, 4478, 4408, 4380, 4475, 4347, 4475, 4478 и 4309 до северната граница на парцелата 4309 каде што продолжува кон југозапад низ парцелата 4309 и 4306 до парцелата 4308 каде што свртува кон север низ парцелата 2181 се до парцелата 1899 каде свртува кон североисток низа истата. Границата ја сече парцелата 1899, 1894 и 1900 се до парцелата 4276 каде продолжува кон север кон местот викано Гумење низ парцелата 4011, покрај јужната страна на парцелата 1904, ја сече парцелата 2946 и 2179 каде што завртува кон исток кон парцелите 1, 5, 6 и 7, покрај јужната страна на парцелата 10 каде што свртува по источната страна до крајот на парцелата 10. Границата на опфатот продолжува кон југоисток, по североисточните граници на парцелите 11, 28, 27, 29 и 31, продолжува по текот на улица Маршал Тито (Тодор Проески) покрај парцелите 2072, 4033, 4038, 4041, 4044/1, 4046 и 4073 каде што свртува кон исток покрај парцелите 4083, 4079, 4076 и ја сече парцелата 4077 каде што границата свртува кон југ и ги сече парцелите 4078, 4070, 2033/1, 2045, 4060, покрај парцелите 4061 и 4067, низ парцелите 4068 и 4239 до парцелата 4237 каде што границата свртува кон југозапад низ парцелите 4251, 4252 и 4237, продолжува кон југ низ парцелите 4259, 4739, 4637, 4252, по јужната страна на парцелата 4651, потоа по текот на улицата Нико Доага покрај парцелите 4660, 5645, 5646, кај местото викано Трите Патишта кон југ низ парцелите 5646, 5643, 5649/2, 5649/1, 1739, 5550/2, 5650, 5653 и 5580 до регионалниот пат Прилеп-Крушево Р1306 од каде што почнува описот на границата на урбаниот опфат.

Вкупната површина во границите на планскиот опфат изнесува 86,86 ха.

Деталниот урбанистички план ќе биде истакнат во просториите на Центарот за информирање на граѓаните на Општина Крушево и Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на општина Крушево, соба број 23.

Сите заинтересирани субјекти, физички и правни лица, во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги достават своите забелешки или предлози по предлогот на планот. Анкетните листови можат да се подигнат во општина Крушево, соба број 23 секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.

***Општина Крушево***
***Градоначалник,***
***м-р Томе Христоски***